Универзитет Св. Кирил и Методиј
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-2911/3
24-12-20 год.
Скопје

Врз основа на член 25 од Законот за заштита на личните податоци (Сл.Весник на РМ бр.7/05 и 103/08 и член 55 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Деканатската управа на својата XII редовна седница, одржана на 18. XII 2014 година, го донесе следното

# УПАТСТВО

## за начинот на водење евиденција на овластени лица за вршење обработка на лични податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Филозофскиот факултет во Скопје

### Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на водење евиденција за овластените лица за вршење на обработка на личните податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Филозофскиот факултет Скопје (во натамошниот текст „Контролор").

### Член 2

За обработка на личните податоци, како и за пренесување на медиумите (преносен компјутер, мемориски стик, ЦД-диск, преносен тврд диск, и др.) надвор од работните простории на Контролорот, деканот донесува решение (образец 1 и образец 2) кои се составен дел на ова Упатство.

### Член 3

За издадените решенија од член 2 кај Контролорот се води евиденција која ги содржи следните податоци:

- Реден број;
- Име и презиме на работникот;
- Број и датум на решението;
- Обем на овластувањето за пристап до личните податоци;
- Начин на пристап.

### Член 4

Евиденцијата од член 3 на ова Упатство се води на образец (образец 3) кој е составен дел на ова упатство.

Евиденцијата од став 1 од овој член ќе ја води администраторот на информацискиот систем кај Контролорот.

### Член 5

Ова Упатство влегува во сила од денот на донесувањето.

ДЕКАН
на Филозофски факултет

Проф. д-р Горан Ајдински

Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје, Република Македонија, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Изработил: м-р Катерина Пејкова
Кпејкова

Образец 1

Врз основа на член 7 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци („Сл. Весник на РМ“ бр. 38/2009) и член 2 од Упатството за начинот на водење евиденција на овластени лица за вршење обработка на лични податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Филозофскиот факултет во Скопје, Деканот донесе

**РЕШЕНИЕ**

Се овластува ________________________________________________

*(име, презиме и работно место на работникот)*

да врши обработка на лични податоци надвор од работните простории при извршување на работите од надлежност на ______________________________.

Обемот на овластувањето за пристап до личните податоци е неограничен.

Начинот на пристап до личните податоци е во согласност со овластувањата пропишани со закон.

Рокот на важење на ова овластување е за време додека е на работно место ________________________________ во ________________________.

Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

ДЕКАН
на Филозофски факултет

Проф. д-р Горан Ајдински

Образец 2

Врз основа на член 19 став 2 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци („Сл. Весник на РМ“ бр. 38/2009) и член 2 од Упатството за начинот на водење евиденција на овластени лица за вршење обработка на лични податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Филозофскиот факултет во Скопје, Деканот донесе

**РЕШЕНИЕ**

Се овласува ____________________________________________

*(име, презиме и работно место на работникот)*

да изврши пренесување на ________________________________, *(да се паведе видот на медиумот, преносен компјутер, мемориски стик, ЦД-диск, преносен тврд диск, и др.)* надвор од работните простории на Филозофскиот факултет во Скопје, заради ____________________________________________ *(да се опише причината и периодот)*

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ДЕКАН

на Филозофски факултет

Проф. д-р Горан Ајдински

Образец 3

**Е В И Д Е Н Ц И Ј А**
**ЗА ЛИЦАТА ОВЛАСТЕНИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА МЕДИУМИТЕ НАДВОР ОД РАБОТНИТЕ ПРОСТОРИИ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

| ред. број | име и презиме на работникот | број и датум на решението | обем на овластувањето за пристап до личните податоци | начин на пристап |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |